# Образованието во античка Хелада и Рим

**Цели на часот што треба да се постигнат:**

**Ученикот/ученичката да:**

- ☑ разбере каков бил системот на образование во светот на старите Хелени и Римјани;
- ☑ научи што е „гимнасион“ (лат. gymnasium) и во каква институција прераснал подоцна;
- ☑ научи која била старата духовна наука што се изучувала во античкото минато на која ѝ се придавала особена вредност од софистите;
- ☑ го разбере поимот „Академија“ во древна Атина и како ние го разбираме поимот „академија“ денес;
- ☑ знае што е „реторска школа“ и да го разбере нејзиното значење во римското општество;



# I.1. ОБРАЗОВАНИЕТО ВО АНТИЧКА ХЕЛАДА (АТИНСКИ МОДЕЛ)

Благодарение на демократијата во Атина, Атињаните развиле соодветен модел на образование кое од момчињата градел не само војници за одбрана на полисот (град-држава), туку и образовани личности во писменоста и уметноста.

За разлика од момчињата, **девојчињата** до 12-тата година го завршувале образованието и се подготвувале за домашните занаети и должности како што се шиењето, ткаењето, готвењето и дури биле подготвувани за мажачка.

Впрочем, како и денес, до шестата година од животот, децата живееле во рамките на семејството, со таа разлика што тогаш ги воспитувал **куќен роб** кој го нарекувале **педагог** (стгрч. παιδαγωγός = водач на дете, воспитувач).

**Улога на педагогот:**

- морално однесување;
- навики во исхрана, хигиена, облекување;
- почитта кон традицијата и постарите;
- ги носел на училиште и ги заштитувал од секакви злоупотреби на возрасните.



# ТРИ УЧИЛИШТА НА ПРИВАТНИ УЧИТЕЛИ

По шестата година, децата посетувале исклучиво **приватни учители**, затоа што не постоеле јавни училишта. Вкупно имало три училишта низ кои поминувале децата сè до 18-тата година.



**Видови и улога на приватните учители:**

- **Граматистот** ги описменувал децата од шестата година. Ги поучувал во пишување, читање и сметање на основни математички операции.
- **Китаристот** ги поучувал децата во музички вештини: пеење, танц и свирење, често на жичниот инструмент лира.
- **Педотрибот** ги вежбал момчињата над 12 години во гимнастика и боречки вештини. Вежбалниците кои ги посетувале се викале **палајстри**. Овој учител ги подготвувал во натпревар наречен **петобој** или **пентатлон**. Тоа биле атлетско-боречки натпревари во пет дисциплини: скокање, трчање, бокс, фрлање на копје и фрлање на диск.



# ШТО Е ГИМНАСИОН И ВО ШТО ПРЕРАСНАЛ ПОДОЦНА?

- **Гимнасион** е пространа вежбалница која ја посетувале исклучиво полнолетни момчиња над 18 години наречени ефеби.
- Просторот за вежбање служел за подготвување на возрасните момчиња за воена служба.
- Се натпреварувале во петобој, но ги вежбале и боречките вештини како што се стрелаштвото, вооружениот напад, јавањето на коњи.
- Постепено гимнасионите ги граделе во близина на философските училишта и тие станале составен дел и од духовното образование, не само телесното. Ги посетувале философите (античките мислители) кои ги поучувале момчињата во философија, науката за мудроста.
- Значи, со текот на времето гимнасионот прераснал во средиште на интелектуалниот свет кој го посетувале момчиња до 30 години, философи и искусни учители наречени педотриби.
- Римјаните, исто така, граделе гимнасиони покрај бањите. Во латинскиот јазик тие се нарекувале **гимназиуми** (лат. gymnasium).



# КОИ БИЛЕ СОФИСТИТЕ И СО ШТО СЕ ЗАНИМАВАЛЕ?

- **Софистите** биле учители по мудрост. Имено, за разлика од претходно наведените приватни учители, овие момчињата ги поучувале во философија и реторика.
- Бидејќи не можело секое семејство да си приушти ваков облик на образование, само момчињата на аристократските семејства и на благородниците се стекнувале со знаењата од философија кај софистите.
- Философот **Сократ** важел за еден од најпрочуените мислители во античкиот свет воопшто. За разлика од софистите, не работел за паричен надоместок и со задоволство ги поучувал момчињата во гимнасионите.
- Софистите, воглавно, на нивните часови ги подготвувале момчињата на **реторско образование**, а тоа значи развивање на вештини за јавно говорење. Говорништвото како дејност била една важна алатка за стекнување на државна моќ и слава.



**Смртта на Сократ, француски сликар Жак Луј Давид, 1787 год.**

# ШТО Е АКАДЕМИЈА И КОЈ Е НЕЈЗИН ОСНОВАЧ?

- **Академија** била првата философска школа на атинскиот философ Платон, ученик на Сократ, кој бил нејзин основач.
- Таа била подигната во V век пр. н.е. во една градина надвор од ѕидините на Атина наречена Академеја по името на атинскиот јунак Академ.
- Академијата станала расадник на интелектуалните кругови во Атина каде што учените философи разговарале на различни теми и пешачеле во шеталиштето околу школата додека мудрувале меѓусебно.
- Денес под „академија“ се подразбира секоја специјализирана високообразовна установа, како што се на пр.: воена академија, ликовна академија, полициска академија, спортска академија и др.



**Остатоци од Платоновата Академија во Атина**

# ПРАШАЊА ЗА ДОМАШНА РАБОТА

1) Зошто девојчињата во Атина образованието го завршувале до 12-тата година?
2) Која била улогата на педагогот?
3) Зошто девојчињата не го посетувале учителот педотриб?
4) Која била улогата на учителот граматист, а која на учителот китарист?
5) Кои атлетско-боречки дисциплини спаѓаат во пентатлонот?
6) Зошто античките философи ги посетувале гимнасионите?
7) Во што ги поучувале софистите момчињата од аристократските и благородничките семејства и зошто токму од овие семејства?
8) Кој е основачот на атинската Академија и што претставува таа?



# I.2. ОБРАЗОВАНИЕТО ВО АНТИЧКИ РИМ

- **Римјаните**, за разлика од Хелените, покрај приватни учители имале и јавни учители.
- Сите деца, па дури и робовите, од својата седма година посетувале јавни училишта (лат. ludi literarii), иако тогаш образованието не било задолжително како денес.
- Момчињата и девојчињата учеле заедно до 12-годишната возраст. Во најголем број на случаи, девојчињата не оделе на училиште, туку биле обучувани во готвење, чистење, ткаење, шиење и грижа за помалите деца.
- Понекогаш, богатите семејства имале домашен роб, често Хелен по потекло, кој ги поучувал децата во класичната хеленска книжевност и на старогрчкиот јазик.
- Покрај **латинскиот јазик**, во училиштата го изучувале и **старогрчкиот јазик**, кој се сметал како јазик на учеността.
- Училницата во римско време била опремена со абакус (древна сметалка), мијалник, стол за учителот (лат. magister) и столчиња за учениците (лат. discipuli). Учениците пишувале на восочна табличка со стилус, за разлика од учителот кој употребувал папирусен свиток.
- По 12-тата година, само момчињата го продолжувале образованието изучувајќи ја класичната книжевност и митологија.





# ТРИ СТЕПЕНИ НА РИМСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## I степен:

- Од седмата година, децата го посетувале учителот **литератор** (лат. **litterator** или **ludi magister**) кој ги описменувал во пишување, читање и сметање на математички операции. Во најголем број речиси децата го завршувале сопственото образование кај овој учител.

## II степен:

- Вториот степен на образование важел исклучиво за момчињата од богатите римски семејства со навршувањето на 12 години.
- Го посетувале учителот **граматик** (лат. **grammaticus**). Ги изучувале делата на Хомер и другите прочуени римски и хеленски писатели и поети како што се Ајсхил, Софокле, Еврипид, Вергилиј, Хоратиј. Ја изучувале латинската и старогрчката граматика, нешто од историјата и географијата.

## III степен:

- Третиот, односно последниот степен на образование го поминувале само упорните и побогатите момчиња од својата 16-та година во **реторските школи**.
- Го посетувале учителот **ретор** (стгрч. ῥήτωρ, лат. orator) кој бил врвен интелектуалец, често Хелен по потекло, и кој ги поучувал во книжевноста, а најмногу во реториката. Изучувајќи ја реториката, момчињата се оспособувале во говорништвото и тоа им обезбедувало можност да пристапат на висока државна функција.





# ПРАШАЊА ЗА ДОМАШНА РАБОТА

1) Покрај младите Римјани, кој друг имал право на општо образование во Рим?
2) Многу девојчиња од времето на стариот Рим живееле во рамки на семејството и не оделе на училиште. Дали имале некаква обука во нешто?
3) Со што била опремена една римска училница?
4) Кој степен на образование најчесто го завршувале римските деца?
5) Во што ги описменувал децата учителот литератор?
6) Покрај книжевноста, што изучувале момчињата кај учителот граматик?
7) Што се изучувало во реторските школи и кој можел да си го приушти овој висок степен на римско образование?



# КАКО ДА ЈА СРАБОТИШ ДОМАШНАТА ОБВРСКА?

1) Прво, во тетратката по наставниот предмет ККЕЦ или во програмата Мајкрософт Ворд препиши ги прашањата редоследно.
2) Одговорај ги едно по едно.
3) Откако ќе ги одговориш сите или повеќето од нив, на крајот запиши ги:

- твоето име и презиме и
- паралелката и одделението.



4) Со мобилен телефон јасно фотографирај сè што е запишано во тетратката и прикачи ја фотографијата во твојата папка во Мајкрософт Тимс во предметниот тим. Доколку ги одговараш прашањата во Мајкрософт Ворд, тогаш прикачи ја датотеката во папката.

# БИБЛИОГРАФСКИ, ЕЛЕКТРОНСКИ И ФОТОГРАФСКИ ИЗВОРИ

**Библиографски и електронски извори:**

- ☞ https://www.ancient.eu/Gymnasium/
- ☞ https://www.iep.utm.edu/academy/
- ☞ https://educationinancientrome.weebly.com/
- ☞ Фејсбук-страница АРГО (www.facebook.com/argo2020)

**Линкови за фотографии:**

- ☞ https://bit.ly/3aqPNFV
- ☞ https://bit.ly/2WRYq8j
- ☞ https://bit.ly/3aqc7Q7
- ☞ https://bit.ly/2QTgiMu
- ☞ https://bit.ly/2WRYyoj
- ☞ https://bit.ly/2Jonk7E
- ☞ https://bit.ly/33SDS0Z

